# ВЛИЈАНИЕТО
# НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ
## НАПРАВЕНИ ОД ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВРЗ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ИНДИКАТОРИ НА ГРАЃАНИТЕ ВО РСМ




Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

м-р. Дарко Антиќ



*НОЕМВРИ,* ***2020***

## Праксата на склучување на договори со една компанија, постоењето на еден критериум при избор на понудите “најниска цена” и немањето на јасна проценка на влијанието на постапките за јавни набавки врз крајните корисници, доведуваат до ограничување на пристапот на граѓаните до јавни здравствени услуги!

Вкупните трошоци за здравство во РСМ претставуваат во просек 7% од БДП што е за два процентни поени пониско од земјите од ОЕЦД (9%) и претставуваат трошоци кои континуирано се зголемуваат заради староста на населението и тешките социо-економски услови. [1] Повеќето земји од ЕУ се соочуваат со зголемување на трошоците за здравствена заштита. Во исто време, како резултат на тоа, пациентите се соочуваат со зголемување на придонесите кои ги или пак во иднина ќе ги плаќаат за здравствено осигурување.

Државите трошат 29% од вкупните расходи за јавни набавки, а јавните набавки во здравство претставуваат втори по висина и вредност во споредба со останатите функции на државата (над 9% од БДП) [2], како што се образование, економски развој, безбедност, јавен ред и мир, итн.

Јавните набавки се постапки кои се најподложни на корупција, а ризикот е особено голем во здравствениот сектор. Корупцијата во здравствениот сектор може да се намали со поголема транспарентност на цената на лековите, повеќе консолидирани набавки на централно ниво или пак преку заеднички иницијативи за спроведување на набавки од јавните здравствени установи. [3]

Како резултат на корупцијата во постапките за јавни набавки, загубата која ја трпат државите во буџетот е повеќе од 6% од здравствените трошоци, а пак една третина од граѓаните на земјите членки на ОЕЦД сметаат дека здравствениот сектор е корумпиран или многу корумпиран. [4]

Досега направените проценки укажуваат на тоа дека една петтина од здравствените трошоци може поефикасно и поекономично да се користат. Реформите во постапките за јавни набавки во здравството, во земјите од Европа и светот, преставуваат еден важен сегмент од напорите на државите да го унапредат нивото на транспарентност, интегритет и ефикасност во употребата на јавните средства во овој сектор. Особено, во јавното здравство унапредувањето на практиките во јавните набавки, можат да допринесат кон подобра контрола врз трошоците за здравствена заштита и да помогнат кон унапредување на обезбедувањето на високо квалитетна здравствена заштита. [5] Поефикасна набавка на медицински помагала, лекови, медицинска опрема и ИТ решенија од јавните здравствени установи може значително да го намали притисокот врз здравствениот буџет, особено преку постигнување на повисока вредност на потрошените средства во рамки на спроведените набавки. [6] Денес во Европа се користат различни пристапи за зголемување на ефикасноста на процесите за јавни набавки во здравството, а особено се промовира и користи системот на Економски најповолна понуда (МЕТА) или пак набавки базирани на придобивки/вредности, а не и на најниска цена. [7]

[1] https://www.oecd.org/gov/public-procurement/health/
[2] Ibid
[3] Ibid
[4] Ibid
[5] https://read.oecd-ilibrary.org/governance/improving-issste-s-public-procurement-for-better-results_9789264249899-en#page17
[6] https://ec.europa.eu/growth/content/8945-innovative-public-procurement-can-lower-pressure-health-budgets_en
[7] https://www.oecd.org/gov/public-procurement/health/

# 1. Вовед

Оваа анализа дава приказ на постапките за јавни набавки спроведени од 62 јавно здравствени институции од 2016 до 2019 година.[8] Наодите презентирани во овој документ се засноваат на анализа на податоци од вкупно 18.028 постапки за јавни набавки што биле спроведени во рамки на 7.652 проекти од страна на 62 јавни здравствени установи во Република Северна Македонија. Односно, 32 здравствени домови кои спровеле 6.259 постапки за јавни набавки; 11 центри за јавно здравје и Институтот за јавно здравје, кои спровеле 2.881 постапки за јавни набавки; 16 општи и клинички болници кои спровеле 7.935 постапки за јавни набавки; Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство која спровела 664 постапки за јавни набавки; и Министерството за здравство кое спровело 289 постапки за јавни набавки. Оваа анализа не ги опфаќа постапките за јавни набавки кои се започнати, а подоцна поништени, како и постапките за кои нема евиденција или пак чии склучени договори се раскинати, како и оние постапки за кои нема објавено вредност на склучен договор.

Документот обезбедува информации за начинот и намената на јавните средства што јавното здравство ги потрошило преку постапки за јавни набавки; нивото на транспарентност при спроведување на постапките за јавни набавки; како се трошат буџетски средства и кој има најголема корист од постапките за јавни набавки во јавното здравство; за кои цели јавните здравствени установи трошат најголем дел од средствата и колку од тие трошоци се оправдани. Сите информации презентирани во овој документ се информации превземени од Електронскиот систем за јавни набавки во периодот од 2016 до 2019 година.

Во 2016 година, Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ) почна да спроведува континуиран годишен мониторинг на постапките за јавни набавки што ги спроведуваат јавните здравствени установи за да ги идентификува проблемите во системот на јавни набавки и да даде препораки за подобрување на нивото на транспарентноста со цел да се зголеми ефикасноста и ефективноста при реализацијата на јавните набавки, да се унапреди квалитетот на услугите што ги обезбедуваат јавните здравствени установи, да се унапредат ефектите од користењето на парите на граѓаните за обезбедување јавни здравствени услуги, и да се овозможи пристап до здравствена заштита на граѓаните.

## 2. Заклучоци и препораки

**2.1. Преку постапките за јавните набавки јавно здравствените установи набавуваат стоки, услуги и работи [9] со цел да ги задоволат своите редовни потреби или пак да одговорат на ново настанатите.** Сепак, според спроведената анализа не може да се заклучи дека помеѓу јавно здравствените институции постои план за набавки со чие спроведување ќе се овозможи континуитет во работењето на истите. Односно, според наодите, секоја година се евидентираат значителни разлики во бројот на спроведени набавки, предметот на набавка, значителна промена во износите потрошени за спроведување на овие постапки, и значителни разлики во износот на средства потрошени за јавни набавки од различните институции во јавниот здравствен сектор. Дополнително, анализите на ЕСЕ покажуваат дека и покрај зголемениот износ на набавки во одредени години, пациентите се соочуваат со континуирани бариери во пристапот до здравствена заштита, недостаток на лекови и медицинска опрема, долги листи за чекање за добивање на одредена здравствена услуга, итн. Па оттука, многу значајно е воведувањето на практика на креирање на годишни планови за набавки кои ќе за базираат на претходна анализа на потребите на институцијата и пациентите, при што ќе се води сметка за минимизирање на менаџерските и оперативните трошоци а ќе се поттикнат трошоци кои ќе придонесат кон подобрување на квалитетот на услугата.

**2.2. Во изминатите четири години јавно здравствените институции воглавно склучуваат договори за јавни набавки и трошат средства за набавка на стоки, услуги и работи во првиот и четвртиот квартал од годината.** Ова пак упатува на тоа дека јавните набавки во целост зависат од другите трошоци на институциите и од износот на добиени средства од буџетот на државата. Односно, набавките од институциите се спроведуваат само на принципот на расположливост на средства, а не и на принципот на потреби. Оттука, мошне е важно да се осигури дека плановите за набавки кои ги одразуваат реалните потреби на институции и граѓаните ќе се спроведат во континуирано во текот на годината и нема да повлијаат врз пристапот до одредени здравствени услуги или пак нема да го ограничат нивното обезбедување.

[8] Извештајот кој ги опфаќа спроведените постапки за јавни набавки за 2016 и 2017 година можете да го најдете на следниот линк: http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2019/Analiza%20Javni%20nabavki_MK.pdf

[9] Согласно Законот за јавни набавки „Договор за јавна набавка на работи" е договор за јавна набавка чиј предмет е:
а) изведување или проектирање и изведување работи поврзани со една или повеќе градежни активности;
б) изведување градба или проектирање и изведување градба и
в) реализација на градба со какви било средства,
според барањата на договорниот орган, кој има одлучувачко влијание на видот или дизајнот на градбата;

**2.3. Во одредени години идентификувани се значителни отстапувања на вредноста на склучените договори од вредноста која е планирана да се потроши за спроведување на одредени набавки.** Односно одредени институции склучуваат договори во вредност пониска, а пак некои во вредност повисока од проценетата. Па оттука, мошне значајно е дополнително да се зајакнат капацитетите на лицата одговорни за спроведување на јавните набавки во јавно здравствениот сектор во насока на нивно оспособување за разбирање на потребите на институцијата, спроведување на подлабоки анализи за потребите на институцијата и пазарните можности, а со цел реално проценување на вредноста на набавките кои ќе се спроведуваат.

**2.4. Нивото на транспарентност во објавувањето на информации за спроведените постапки за јавни набавки значително се намалува низ годините.** Најголемо намалување се забележува во обемот на информации за спроведените постапки за јавни набавки кои ги објавуваат Министерството за здравство, Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, Општите и клиничките болници, центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје. Да се овозможи јавноста да има пристап до детални и навремени информации, кои ќе бидат приемчиви и разбирливи за јавноста и ќе бидат во отворен формат (ексел). Дополнително, да се осигури дека сите институции од јавно здравствениот сектор ќе ги објавуваат сите информации за спроведените постапки за јавни набавки, особено водејќи сметка за објавување на информации за проценетата вредност на набавките со и без вклучен ДДВ и извор од каде ќе се обезбедат средствата за спроведување на набавката изразен со конкретна буџетска ставка.

**2.5. Од година во година се намалува конкурентноста и достапноста на постапките за јавни набавки за различни компании, се зголемува концентрацијата на мал број на компании со кои се склучуваат договори за јавни набавки и на кои се префрлуваат буџетски средства.** Оваа практика особено е погодна за продлабочување на корупцијата во овие постапки. Дополнително, иницијална можност за изигрување на постапките и олеснување на пристапот на одредени компании е и критериумот на најниска цена. Да се воведе систем на избор на компании за обезбедување на јавни набавки во здравството кој ќе се базира на критериуми за максимизирање на резултатите и ефектите од јавните набавки, при што ќе се замени најниската цена како критериум за селекција. Дополнително, да се воведат индикатори за мерење на ефикасноста и резултатите од спроведувањето на јавните набавки кои понатаму ќе служат како основа на планирање и спроведување на идните постапки за јавни набавки. Како и, да се воведе листа на критериуми за евалуација и селекција при што ќе се осигури дека нема да бидат претходно дефинирани согласно можниот понудувач, туку ќе овозможат учество на поголем број на компании од земјата и надвор, при што ќе се овозможи зголемување на конкуренцијата во постапките.

## 3. Наоди од спроведена анализа

### 3.1. За која намена, на кој начин и која јавно здравствена институција троши најмногу средства од својот буџет преку постапките за јавни набавки?

#### *3.1.1. Општ приказ на спроведените постапки за јавни набавки во периодот од 2016 до 2019 година*

Во периодот од 2016 до 2019 година, здравствените институции во РСМ склучиле вкупно 18,028 договори со вкупна вредност од 18,712 милиони денари. Односно, во изминатите четири години, 62-те мониторирани институции од јавниот здравствен сектор склучиле во просек 291 договор во вредност од 302 милиони денари, а пак секој склучен договор изнесувал во просек 1 милион денари.

Најголем број на договори се склучени во 2016 и 2017 година (во просек 4.848 договори на годишно ниво) кои пак договори имале и најмала вредност (0.9 милиони денари). И покрај тоа што најмалку договори се склучени во 2019 година (3.749) сепак овие договори ја чинеле државата најскапо (1.3 милиони денари во просек во склучен договор).

Најголемиот број на склучени договор за јавни набавки кај институциите од јавниот здравствен сектор е идентификуван во почетниот и последниот квартал од годината, но како и да е бројот на склучени договори во останатите два квартали е минимално помал во однос на првиот и четвртиот квартал.

Како и да е, во 2018 година најголемиот број на договори биле склучени во вториот квартал (1.309) и во четвртиот квартал (1.321), а пак во 2019 година бојот на договори во вториот квартал е речиси половина од оној во 2018 година, а пак во четвртиот квартал речиси идентичен како и во 2018 година. Голема промена во бројот на склучени договори се идентификува во првиот квартал во 2019 година, кога бројот на склучени договори во однос на претходната година е за речиси една четвртина поголем.

Намалување во 2019 година во однос на претходната година се забележува во сите квартали кај општите и клиничките болници, центрите за јавно здравје и институтот за јавно здравје. Континуирано зголемување на бројот на склучени договори се забележува кај Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство.




*Графикон 1:* Број на постапки за јавни набавки спроведени од различни јавно здравствени установи поделени по квартали кога бил склучен договорот во 2018 и 2019 година
*(Во овој графикон не се вклучени 2016 и 2017 година заради тоа што овој параметар не беше предмет на анализа во овој период)*

### *3.1.2. Уделот на јавно здравствените институции во вкупните трошоци за јавни набавки*

Во 2019 година, договорот кој е склучен со највисок износ е за 235 милиони денари повисок од договорот со највисок износ во 2018 година. Дополнително, во 2019 година средната вредност на склучените договори е повисока од истата во 2018 година за 23 илјади денари. Договорот со највисок износ во 2019 година е склучен од Министерството за здравство со компанијата д-р. Пановски за набавка на биолошка моноклонална и таргет терапија, а пак во 2018 година од истата институција со Феникс Фарма дооел за набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал.

Министерството за здравство е институција која во изминатите четири години склучила најмал број на договори (289), во споредба со останатите јавни здравствени установи. Но како и да, вредноста на овие договори е во просек 58 пати повеќе во однос на вредноста на склучените договори на останатите јавни здравствени установи. Оваа институција, во изминатите четири години, склучила договори за јавни набавки вредни над 2 милијарди денари на годишно ниво. Министерството за здравство за еден договор во 2018 година платило во просек 38 милиони денари, што е за два пати повеќе од претходните две години или речиси двојно повеќе во однос на 2019 година.

Најголем број на договори во изминатите четири години склучиле општите и клиничките болници (7.935) чија вредност во просек изнесува 0.9 милиони денари.

Во периодот од 2016 до 2019 година, најголем пад во износот на склучени договори се бележи кај општите и клиничките болници (за во просек 39% на годишно ниво). Пад во износот на склучени договори се бележи и кај здравствените домови, институтот за јавно здравје и центрите за јавно здравје за во просек 25% на годишно ниво, како и кај универзитетската клиника за гинекологија и акушерство за 19% на годишно ниво. Единствено само кај Министерството за здравство се бележи просечен пораст во износот на склучени договори за 5% на годишно ниво.

### *3.1.3. Намените за кои се трошат најголем износ на средства преку постапките за јавни набавки*

Најголем број на договори склучени од страна на јавните здравствени установи во изминатите четири години се однесуваат на набавка на стоки, потоа следуваат договорите за набавка на услуги и на крајот се договорите за набавка на работи. Следствено на тоа и најголемиот износ на средства од овие институции се троши за набавка на стоки или 91% од вкупната вредност на сите склучени договори за набавка. Но и покрај тоа што најголемиот износ на склучени договори и најголемиот број на склучени договори отпаѓаат на набавка на стоки, сепак државата најмногу ја чинат договорите склучени за набавка на работи. Односно, еден договор за работа е три пати поскап од еден договор за набавка на стока (3 милиони наспроти 1 милион денари по договор). Најмалку здравството го чинат договорите склучени за набавка на услуги или пак во просек 0.4 милиони денари по договор.

| ТИП НА ИНСТИТУЦИЈА | ПЕРИОД (во год.) | РАБОТИ | | СТОКИ | | УСЛУГИ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на договори | Вредност на договор во мил. МКД | Број на договори | Вредност на договор во мил. МКД | Број на договори | Вредност на договор во мил. МКД | Број на договори | Вредност на договор во мил. МКД |
| **ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ** | 2016 -2017 | 28 | 62 | 3,436 | 3,543 | 618 | 498 | 4,082 | 4,103 |
| | 2018 | 15 | 26 | 1,840 | 1,796 | 367 | 280 | **2,222.00** | **2,103** |
| | 2019 | 1 | 10 | 1,388 | 1,332 | 242 | 137 | **1,631.00** | **1,480** |
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО** | 2016 -2017 | 4 | 92 | 94 | 2,145 | 41 | 72 | **139.00** | **2,309** |
| | 2018 | 0 | 0.00 | 50 | 2,330 | 12 | 8 | **62.00** | **2,337** |
| | 2019 | 2 | 34 | 55 | 2,492 | 31 | 23 | **88.00** | **2,549** |
| **ЗДРАВСТВЕНИ ДОМОВИ** | 2016-2017 | 29 | 56 | 3,079 | 1,045 | 523 | 115 | **3,631.00** | **1,216** |
| | 2018 | 13 | 30 | 1 | 285 | 245 | 66 | **1,353** | **380** |
| | 2019 | 7 | 8 | 1,038 | 364 | 230 | 81 | **1,275** | **453** |
| **ЦЕНТРИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ И ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ** | 2016-2017 | 0 | 0.00 | 1,397 | 480 | 135 | 41 | **1,532.00** | **521** |
| | 2018 | 3 | 2 | 108 | 240 | 634 | 30 | **745** | **272** |
| | 2019 | 4 | 1 | 523 | 243 | 77 | 16 | **604** | **260** |
| **УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО** | 2016-2017 | 2 | 4 | 271 | 274 | 39 | 25 | **312.00** | **303** |
| | 2018 | 0 | 0 | 173 | 216 | 15 | 13 | **201** | **229** |
| | 2019 | 0 | 0 | 115 | 177 | 36 | 19 | **151** | **196** |
| **ВКУПНО:** | **2016-2017** | **63** | **214** | **8,277** | **7,487** | **1,356** | **751** | **9,696** | **8,452** |
| | **2018** | **31** | **58** | **2,172** | **4,867** | **1,273** | **396** | **4,583** | **5,322** |
| | **2019** | **14** | **54** | **3,119** | **4,609** | **616** | **276** | **3,749** | **4,938** |
| **ВКУПНО:** | **2016-2019** | **108** | **326** | **13,568** | **16,963** | **3,245** | **1,423** | **18,028** | **18,712** |

*ТАБЕЛА 1:* Број и вредност на склучени договори за јавни набавки по институција и предмет на набавка за периодот од 2016 до 2019 година

### *3.1.4. Просечна вредност на склучените договори за јавни набавки*

Во анализираниот период Министерството за здравство се издвојува како институција со највисока просечна вредност на склучените договори за јавни набавки и тоа просечната вредност на еден договор за јавна набавка изнесува 19 милиони денари. Оваа институција склучила договори за јавни набавки кои се речиси триесет пати повисоки од просечната вредност на склучен договор од останатите јавни здравствени установи. Највисок износ на договор Министерството склучило во 2018 година со просечна вредност од 38 милиони денари и во 2019 година 29 милиони денари, што претставува двојно од просечниот износ на еден договор склучен во периодот од 2016 до 2017 година. Највисокиот просечен износ на договорите е склучен за набавка на стоки во износ од 47 милиони денари во 2018 година и 45 милиони денари во 2019 година.

Неочекуван пораст во просечната вредност на склучените договори се бележи кај општите и клиничките болници во 2019 година, кога еден договор за работи во просек чинел 10 милиони денари, што е за пет односно 10 пати поголем од просечниот износ во периодот од 2016 до 2018 година.

| ТИП НА ИНСТИТУЦИЈА | ПЕРИОД (во год.) | РАБОТИ | СТОКИ | УСЛУГИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ | 2016-2017 | 2.22 | 1.03 | 0.81 | **1.01** |
| | 2018 | 1.77 | 0.98 | 0.76 | **0.95** |
| | 2019 | 10.50 | 0.96 | 0.57 | **0.91** |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 2016-2017 | 22.90 | 22.82 | 1.75 | **16.61** |
| | 2018 | 0.00 | 46.59 | 0.63 | **37.70** |
| | 2019 | 16.94 | 45.32 | 0.73 | **28.97** |
| ЗДРАВСТВЕНИ ДОМОВИ | 2016-2017 | 1.92 | 0.34 | 0.22 | **0.03** |
| | 2018 | 2.27 | 0.26 | 0.27 | **0.28** |
| | 2019 | 1.18 | 0.35 | 0.35 | **0.36** |
| ЦЕНТРИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ И ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ | 2016-2017 | 0.00 | 0.34 | 0.30 | **0.34** |
| | 2018 | 0.69 | 2.22 | 0.05 | **0.37** |
| | 2019 | 0.48 | 1.53 | 0.21 | **0.43** |
| УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО | 2016-2017 | 2.09 | 1.01 | 0.64 | **0.97** |
| | 2018 | 0.00 | 2.39 | 0.90 | **1.14** |
| | 2019 | 0.00 | 1.54 | 0.54 | **1.30** |
| **ВКУПНО:** | **2016-2017** | **29.14** | **25.54** | **3.71** | **18.95** |
| | **2018** | **4.73** | **52.44** | **2.61** | **40.43** |
| | **2019** | **29.10** | **49.69** | **2.40** | **5.21** |
| **ВКУПНО:** | **2016-2019** | **62.97** | **127.68** | **8.71** | **64.60** |

*ТАБЕЛА 2:* Просечна вредност на склучени договори за јавни набавки по институција и предмет на набавка за периодот од 2016 до 2019 година, изразена во милиони денари

### *3.1.5. Отстапувањата на вредноста на потпишаните договори за јавни набавки од првично планираниот износ на средства за таа намена*

Вредноста на склучените договори, како што може да се воочи во табелата подолу, кај секој тип на институција е малку повисока од проценетата вредност без ДДВ, иако реалната вредност на склучените договори е со вкалкулиран ДДВ (вредноста во последната колона од Табела 3 треба да изнесува најмногу 118%, односно проценетата вредност зголемена за 18% данок на додадена вредност). Оттука, земајќи во предвид дека над 90% од набавките се однесуваат на набавка на стоки за кои данокот изнесува 18%, најчесто договорот кој се склучува е со пониска вредност од проценетата. Само во случајот на здравствените домови во периодот на 2016 и 2017 година и центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје во 2018 година вредноста на склучените договори е очигледно повисока од проценетата вредност на договорот за 1% и 32% респективно.

| ТИП НА ИНСТИТУЦИЈА | Период (во год.) | Проценета вредност без ДДВ | Проценета вредност со ДДВ | Процент на отстапување |
|---|---|---|---|---|
| ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ | 2016-2017 | 3,978 | 4,089 | 103 |
| | 2018 | 1,947 | 2,102 | 108 |
| | 2019 | 583 | 616 | 106 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 2016-2017 | 2,694 | 2,308 | 86 |
| | 2018 | 2,147 | 2,337 | 109 |
| | 2019 | 2,464 | 1,367 | 55 |
| ЗДРАВСТВЕНИ ДОМОВИ | 2016-2017 | 1,022 | 1,216 | 119 |
| | 2018 | 351 | 380 | 108 |
| | 2019 | 266 | 256 | 96 |
| ЦЕНТРИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ И ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ | 2016-2017 | 577 | 516 | 89 |
| | 2018 | 181 | 272 | 150 |
| | 2019 | 75 | 59 | 79 |
| УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО | 2016-2017 | 307 | 302 | 98 |
| | 2018 | 211 | 229 | 109 |
| | 2019 | 89 | 91 | 102 |

*ТАБЕЛА 3:* Реална вредност на договорите наспроти проценета вредност без ДДВ, во милиони денари

### *3.2. Колкав е обемот на информации достапен на јавноста за спроведените постапки на јавни набавки во јавно здравствениот систем*

Нивото на транспарентност во објавувањето на информации за спроведените постапки за јавни набавки значително е намалено во 2019 година, во споредба со претходните три години. Најголемо намалување се забележува во обемот на информации за спроведените постапки за јавни набавки кои ги објавуваат Министерството за здравство, Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, Општите и клиничките болници, центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје. Кога станува збор за здравствените домови, информациите кои ти ги објавуваат за спроведените постапки за јавни набавки остануваат во ист обем како и во 2018 година, но значително се намалени во однос на периодот на 2016 и 2017 година.

Уназадување кај сите институции има во однос на објавувањето на информации за проценетата вредност на набавката без ДДВ. Дополнително уназадување е видливо и кај Министерството за здравство и во однос на информациите кои се однесуваат на проценета вредност на набавката со ДДВ. Сите институции во континуитет не објавуваат информации за изворот од каде ќе се обезбедат средства за финансирање на набавката.

| ТИП НА ИНСТИТУЦИЈА | Период (во год.) | Предмет на набавка | Проценета вредност без ДДВ | Проценета вредност со ДДВ | Број на понуди | Вредност на склучен договор | Назив на компанија со која е склучен договор | Извор на средства | Просечна Оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 2016-2017 | ★ зелена | ★ зелена | ★ жолта | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ жолта | ★ зелена |
| | 2018 | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена |
| | 2019 | ★ зелена | ★ жолта | ★ жолта | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ жолта |
| УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО AND OBSTETRICS | 2016-2017 | ★ зелена | ★ зелена | ★ жолта | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ жолта | ★ зелена |
| | 2018 | ★ зелена | ★ зелена | ★ жолта | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена |
| | 2019 | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ жолта |
| ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ | 2016-2017 | ★ зелена | ★ зелена | ★ жолта | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ жолта | ★ зелена |
| | 2018 | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена |
| | 2019 | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ жолта |
| ЗДРАВСТВЕНИ ДОМОВИ | 2016-2017 | ★ зелена | ★ зелена | ★ жолта | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена |
| | 2018 | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ жолта |
| | 2019 | ★ зелена | ★ жолта | ★ жолта | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ жолта |
| ЦЕНТРИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ И ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ | 2016-2017 | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена |
| | 2018 | ★ зелена | ★ зелена | ★ жолта | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена |
| | 2019 | ★ зелена | ★ жолта | ★ жолта | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ жолта |

*ТАБЕЛА 4:* Ниво на транспарентност на јавните здравствени институции во објавување на различни информации за спроведените постапки за јавни набавки во периодот од 2016 до 2019 година

## ЛЕГЕНДА

- ★ црвена — Информации се објавени за помалку од 40 % од спроведените постапки
- ★ жолта — Информации се објавени за 40% до 75% од спроведените постапки
- ★ зелена — Информации се објавени за повеќе од 75% од спроведените постапки

### 3.3. Кои компании обезбедуваат најголем број на јавни набавки во јавниот здравствен сектор?

Највисокиот износ на склучен договор во 2019 година е за 61 милион денари повисок во однос на 2018 година. Во 2019 година помеѓу деветте компании со кои е склучен највисок износ на договор се наоѓаат три компании и тоа: д-р. Пановски, Алкалоид Конс и Елбијор. Концентрацијата на средствата во три компании во 2019 година, не беше пракса во претходната. Односно, во 2018 година деветте највисоки износи на договори за јавни набавки биле склучени со девет различни компании, но сепак д-р Пановски и Алкалоид Конс и во претходната година се наоѓаат на оваа листа.

| 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|
| ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | ВКУПЕН ИЗНОС НА ДОБИЕНИ СРЕДСТВА | ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | ВКУПЕН ИЗНОС НА ДОБИЕНИ СРЕДСТВА |
| Друштво за промет и услуги АЛКАЛОИД КОНС увоз извоз ДООЕЛ Скопје | 760,020,295 | Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 821,596,238.51 |
| Друштво за трговија, производство и услуги ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 684,614,118 | Друштво за промет и услуги АЛКАЛОИД КОНС увоз извоз ДООЕЛ Скопје | 294,254,934.41 |
| Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 526,223,209 | Друштво за производство и промет на хемиски и козметички производи ЕЛБИЈОР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 204,878,471.94 |
| Друштво за трговија, производство и услуги ПРОМЕДИКА ДООЕЛ Скопје | 275,244,844 | Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 191,552,445.00 |
| Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 257,613,692 | Друштво за промет и услуги АЛКАЛОИД КОНС увоз извоз ДООЕЛ Скопје | 190,076,250.00 |
| Друштво за промет и услуги АВИЦЕНА ДОО експорт-импорт Скопје | 203,805,102 | Друштво за трговија и услуги ЕУРО - ФАРМ увоз-извоз ДООЕЛ Битола | 154,978,866.00 |
| Друштво за промет и услуги БИОТЕК ДОО експорт-импорт Скопје | 143,033,310 | Друштво за трговија, застапништво и маркетинг ЦАРСО ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Илинден | 102,664,800.00 |
| Друштво за промет МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје | 113,114,822 | Друштво за производство и промет на хемиски и козметички производи ЕЛБИЈОР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 85,975,449.00 |
| Друштво за трговија МАКПЕТРОЛ ПРОМ - ГАС ДООЕЛ Скопје | 103,822,878 | Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД Скопје | 44,000,477.00 |

*ТАБЕЛА 5:* Компании кои добиле највисок износ на средства преку спроведените јавни набавки од страна на јавните здравствени институции во 2018 и 2019 година.

Во 2019 година, бројот на компании кои склучиле договори во износ над 10 милиони е за 32 повеќе во однос на 2018 година. Во 2018 година С.КОМ ДООЕЛ добил 677 милиони денари за 5 поднесени понуди, при што просечната вредност на едена понуда изнесувала 135 милиони денари. Во 2019 година, првото место го зазема д-р. Пановски кој за две понуди со просечна вредност од 411 милиони денари (четири пати повисока од 2018 година) обезбедил 822 милиони денари или пак 145 милиони денари повеќе во однос на 2018 година.

Во 2019 година листата на компании кои склучиле договори над 10 милиони денари значително се разликува во однос на 2018 година. При што во 2019 година д-р. Пановски има доминантен удел во обезбедувањето стоки во јавниот здравствен сектор што не беше случај во претходната година, а пак во 2018 година највисоките износи на договори се исплатени кон компании кои продаваат занаетчиски работи, се занимаваат со продажба и одржување на ИТ опрема, како и компании кои се занимаваат со одржување и сервис на медицинска опрема.

| 2018 | | | | 2019 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори | ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори |
| Друштво за производство, трговија и услуги С.КОМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | 677,473,410 | 5 | 135,494,682 | Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 822,230,285.55 | 2 | 411,115,143 |
| Друштво за компјутерски инженеринг, сервис и трговија, експорт-импорт ДИГИКОМ ДООЕЛ Скопје | 586,219,305 | 2 | 293,109,653 | Друштво за промет и услуги АЛКАЛОИД КОНС увоз извоз ДООЕЛ Скопје | 638,229,918.16 | 80 | 7,977,874 |
| Друштво за производство, промет, услуги и сервисирање на медицинска опрема ВИНОРА ДООЕЛ Скопје | 243,795,204 | 4 | 60,948,801 | Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 289,481,970.98 | 66 | 4,386,090 |
| Друштво за производство, промет услуги градежништво и инженеринг ВЕЈМАСТ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје | 219,719,325 | 3 | 73,239,775 | Друштво за производство и промет на хемиски и козметички производи ЕЛБИЈОР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 211,896,029.29 | 16 | 13,243,502 |
| Друштво за промет МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје | 121,466,835 | 1 | 121,466,835 | Друштво за промет и услуги АВИЦЕНА ДОО експорт-импорт Скопје | 157,481,615.31 | 79 | 1,993,438 |
| Друштво за трговија, производство и услуги ЕУРОДООР КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Битола | 89,084,808 | 1 | 89,084,808 | Друштво за трговија и услуги ЕУРО - ФАРМ увоз-извоз ДООЕЛ Битола | 154,978,866.00 | 1 | 154,978,866 |

| 2018 | | | | 2019 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори | ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори |
| Друштво за производство, промет, услуги и посредување ЛАБТЕХ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 71,236,482 | 2 | 35,618,241 | Друштво за промет и услуги БИОТЕК ДОО експорт-импорт Скопје | 127,787,372.72 | 148 | 863,428 |
| Друштво за трговија, производство и услуги БИ-ЕЛ ИНЖИНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Струмица | 50,276,956 | 8 | 6,284,620 | Друштво за промет МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје | 122,561,956.00 | 61 | 2,009,212 |
| Друштво за производство промет и услуги ЦЕНТРОФАРМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 47,085,907 | 1 | 47,085,907 | Друштво за промет и услуги АВИЦЕНА ДОО експорт-импорт Скопје | 118,417,239.29 | 26 | 4,554,509 |
| Друштво за промет и услуги МЕДИТРЕЈД 94 ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | 46,357,333 | 2 | 23,178,667 | Друштво за трговија, застапништво и маркетинг ЦАРСО ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Илинден | 103,244,400.00 | 2 | 51,622,200 |
| Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 43,634,514 | 2 | 21,817,257 | Друштво за промет и услуги АЛКАЛОИД КОНС увоз извоз ДООЕЛ Скопје | 100,959,237.29 | 61 | 1,655,069 |
| Друштво за инженеринг, производство, промет и услуги МАКВЕЛД ДОО увоз-извоз Скопје | 41,298,932 | 1 | 41,298,932 | Друштво за производство и промет на хемиски и козметички производи ЕЛБИЈОР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 90,923,460.45 | 10 | 9,092,346 |
| Друштво за трговија, производство и услуги ИМПУЛС-Д ДООЕЛ Скопје | 39,256,026 | 14 | 2,804,002 | Друштво за промет МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје | 71,531,244.86 | 33 | 2,167,613 |
| Друштво за промет со медицински помагала и реагенси ЕЛТА 90 МОЛЕКУЛАРНА МЕДИЦИНА ДООЕЛ Скопје | 33,153,743 | 4 | 8,288,436 | Друштво за промет и услуги БИОТЕК ДОО експорт-импорт Скопје | 68,899,501.81 | 97 | 710,304 |
| Друштво за трговија, транспорт и услуги АКВА СПИД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 30,283,644 | 2 | 15,141,822 | Друштво за трговија, производство и услуги ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 62,412,983.29 | 27 | 2,311,592 |

| 2018 | | | | 2019 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори | ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори |
| Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало ВИМИР ПРОМЕТ Виолета ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 25,872,916 | 9 | 2,874,768 | Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 61,585,317.07 | 66 | 933,111 |
| Друштво за промет и услуги АВИЦЕНА ДОО експорт-импорт Скопје | 24,652,062 | 1 | 24,652,062 | Друштво за производство, трговија и услуги СИНЕРЏИ МЕДИКАЛ ДОО експорт-импорт Скопје | 61,340,973.00 | 8 | 7,667,622 |
| Друштво за промет и услуги ФАРМАС МН ДООЕЛ Скопје | 24,617,184 | 4 | 6,154,296 | Друштво за трговија, производство и услуги ПРОМЕДИКА ДООЕЛ Скопје | 57,957,232.52 | 43 | 1,347,843 |
| Трговско друштво за производство и промет КОМПАНИЈА ПОПОВСКИ ДОО увоз-извоз Скопје | 23,135,373 | 7 | 3,305,053 | Друштво за трговија, производство и услуги ПРОМЕДИКА ДООЕЛ Скопје | 48,836,538.44 | 45 | 1,085,256 |
| Друштво за трговија и услуги ВИЗИОМЕД ГБГ ДООЕЛ Скопје | 21,729,906 | 5 | 4,345,981 | Друштво за трговија и услуги КУБИС МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје | 44,150,522.67 | 13 | 3,396,194 |
| Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕСТА ДРОГЕРИЈА Зоран и Бошко увоз-извоз ДОО Скопје | 21,591,564 | 3 | 7,197,188 | Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД Скопје | 44,000,477.00 | 1 | 44,000,477 |
| Друштво за промет со лабораториски апарати и прибор, хемикалии, ваги, филтрација и услуги ЛАБОРАТОРИЈА Костадинка Јанчевска ДООЕЛ импорт -експорт Скопје | 21,174,998 | 5 | 4,235,000 | Друштво за трговија, производство и услуги ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 43,961,828.90 | 38 | 1,156,890 |
| Трговско друштво за промет и услуги АХЕМА ДОО експорт-импорт Скопје | 18,800,000 | 4 | 4,700,000 | Друштво за трговија МАКПЕТРОЛ ПРОМ - ГАС ДООЕЛ Скопје | 41,716,000.00 | 1 | 41,716,000 |

| 2018 | | | | 2019 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори | ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори |
| Друштво за промет и услуги Л & Н & Т ДИАГНОСТИК ДООЕЛ Скопје | 17,086,239 | 5 | 3,417,248 | Друштво за производство и услуги НЕТ-ЕЛЕКТРОНИКС Владимир ДООЕЛ Скопје | 40,784,303.42 | 4 | 10,196,076 |
| Друштво за промет и услуги БИОТЕК ДОО експорт-импорт Скопје | 16,911,779 | 1 | 16,911,779 | Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница Пласница | 37,336,236.22 | 11 | 3,394,203 |
| Друштво за промет ВАРУС ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | 16,710,584 | 4 | 4,177,646 | Друштво за трговија и услуги СОНИКС АНАСТАСИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 36,684,882.00 | 16 | 2,292,805 |
| Трговско друштво за вработување на инвалидни лица ИНТЕР-ХЕМ ДООЕЛ Друштво за производство, промет и услуги во хемиската индустрија-Скопје | 15,625,714 | 4 | 3,906,428 | Друштво за промет и консалтинг ФАРМАХЕМ ДООЕЛ Скопје | 32,998,321.04 | 35 | 942,809 |
| Друштво за производство, трговија и услуги ТЕРЗИ-КОМПАНИ експорт-импорт ДООЕЛ Струмица | 15,230,453 | 6 | 2,538,409 | Друштво за трговија МАКПЕТРОЛ ПРОМ - ГАС ДООЕЛ Скопје | 30,913,628.20 | 1 | 30,913,628 |
| Трговско друштво за производство, транспорт, туризам и трговија на големо и мало ДИДАКС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 14,700,000 | 6 | 2,450,000 | Производно трговско друштво БИО МЕДИКА ДООЕЛ Скопје | 30,622,892.33 | 13 | 2,355,607 |
| Друштво за сточарство, земјоделие и трговија ЃОРГИЕВИ ДООЕЛ с.Гарван Конче | 13,593,600 | 7 | 1,941,943 | Друштво за производство, услуги и трговија ЛИТИ-ФАРМ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево | 30,278,800.00 | 1 | 30,278,800 |

| 2018 | | | | 2019 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори | ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори |
| Друштво за производство, обработка и конзервирање на животинско месо НУРО КОМПАНИ ДОО с.Камењане, Боговиње | 13,347,348 | 5 | 2,669,470 | СОЛАРПРО ХОЛДИНГ АД Софија Р.Бугарија - подружница во Република Македонија | 28,375,936.72 | 2 | 14,187,968 |
| Друштво за производство, трговија и услуги КИКИ ДООЕЛ Кочани | 12,750,000 | 4 | 3,187,500 | Друштво за трговија и услуги ГАЛИНОС ФАРМ ДОО Скопје | 28,083,786.76 | 38 | 739,047 |
| Трговско друштво за производство, трговија и услуги РИМЕС МС ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје | 12,522,573 | 4 | 3,130,643 | Друштво за производство и промет ТОСАМА ТРЕЈД ДОО Марино, Илинден | 27,863,830.09 | 22 | 1,266,538 |
| Друштво за производство и промет на големо и мало ДИМЕ ДОО увоз-извоз Скопје | 11,932,569 | 1 | 11,932,569 | Друштво за трговија и услуги КОМЕД увоз-извоз ДООЕЛ Скопје | 25,979,449.77 | 15 | 1,731,963 |
| Друштво за производство промет и услуги КОЛОР КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје | 11,846,013 | 6 | 1,974,335 | Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница Пласница | 25,783,928.32 | 8 | 3,222,991 |
| СОЛАРПРО ХОЛДИНГ АД СОФИЈА Р.БУГАРИЈА подружница во Р. Македонија | 10,576,937 | 1 | 10,576,937 | Друштво за промет и услуги БИОТЕК ДОО експорт-импорт Скопје | 23,099,955.06 | 25 | 923,998 |
| Друштво за производство, трговија и услуги КИНЕТИК ГРУП ДООЕЛ експорт импорт Скопје | 10,376,861 | 4 | 2,594,215 | Друштво за производство, трговија и услуги УНИ- МЕДИКАЛ ПСТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 22,555,083.00 | 14 | 1,611,077 |
| Друштво за производство, промет и услуги ВИВАКС ДОО увоз-извоз Скопје | 10,032,614 | 5 | 2,006,523 | Друштво за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 22,130,363.10 | 5 | 4,426,073 |
| ДАУТИ КОМЕРЦ Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз АД с.Бојане општина Сарај | 10,017,699 | 4 | 2,504,425 | Друштво за производство, градежништво, услуги и трговија на големо и мало МАК СТРОЈ Борис ДООЕЛ увоз-извоз Битола | 22,127,746.00 | 1 | 22,127,746 |

| 2018 | | | | 2019 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори | ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори |
| | | | | Друштво за трговија и услуги КОМЕД увоз-извоз ДООЕЛ Скопје | 22,084,349.11 | 19 | 1,162,334 |
| | | | | Друштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДООЕЛ Скопје | 21,798,636.00 | 8 | 2,724,830 |
| | | | | Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница Пласница | 21,413,932.00 | 3 | 7,137,977 |
| | | | | Друштво за внатрешна и надворешна трговија, застапување и услуги МЕДЕКС ФАРМ ДОО Скопје | 20,386,910.54 | 13 | 1,568,224 |
| | | | | Друштво за промет и услуги АВИЦЕНА ДОО експорт-импорт Скопје | 20,203,532.60 | 36 | 561,209 |
| | | | | Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 19,426,397.93 | 17 | 1,142,729 |
| | | | | Друштво за трговија производство и услуги АСТРА-М Митко Ицевски ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 18,698,521.36 | 24 | 779,105 |
| | | | | Друштво за трговија и услуги СОНИКС АНАСТАСИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 18,575,233.43 | 7 | 2,653,605 |
| | | | | Друштво за услуги и трговија БИГОР КЛИНИНГ ДООЕЛ Скопје | 17,700,000.00 | 1 | 17,700,000 |

| 2018 | | | | 2019 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори | ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори |
| | | | | Друштво за производство, трговија и услуги БРАВИА ДОО Штип | 17,600,000.00 | 1 | 17,600,000 |
| | | | | Друштво за производство на индустриски гасови ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ АД Скопје | 17,314,452.72 | 11 | 1,574,041 |
| | | | | МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје | 15,254,830.58 | 11 | 1,386,803 |
| | | | | Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало КА-ДИС ДОО извоз-увоз, Скопје | 14,880,980.00 | 2 | 7,440,490 |
| | | | | Друштво за промет и услуги ПРИМА МЕДИКАЛ ДОО експорт-импорт Тетово. | 14,055,429.43 | 20 | 702,771 |
| | | | | Друштво за производство и услуги НЕТ-ЕЛЕКТРОНИКС Владимир ДООЕЛ Скопје | 13,915,670.00 | 10 | 1,391,567 |
| | | | | Друштво за лизинг ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје | 13,818,083.20 | 1 | 13,818,083 |
| | | | | Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје | 12,805,776.21 | 24 | 533,574 |
| | | | | Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМАГЕН увоз-извоз ДООЕЛ Скопје | 12,691,853.50 | 7 | 1,813,122 |

| 2018 | | | | 2019 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори | ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори |
| | | | | Друштво за трговија, производство и услуги АДРИАМЕД увоз-извоз ДОО - Скопје | 12,438,858.55 | 10 | 1,243,886 |
| | | | | Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп | 12,300,000.00 | 2 | 6,150,000 |
| | | | | Друштво за производство, промет,услуги и сервисирање на медицинска опрема ВИНОРА ДООЕЛ Скопје | 12,038,432.80 | 16 | 752,402 |
| | | | | Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС ЕДС ДООЕЛ Скопје | 11,992,983.10 | 1 | 11,992,983 |
| | | | | Трговско друштво за производство трговија услуги и градежништво НЕФИ ИК ДООЕЛ увоз-извоз Охрид | 11,749,720.00 | 1 | 11,749,720 |
| | | | | Друштво за трговија и услуги ГАЛИНОС ФАРМ ДОО Скопје | 11,424,803.68 | 22 | 519,309 |
| | | | | Друштво за производство и трговија О. М. Р. ДООЕЛ Прилеп | 11,260,141.25 | 3 | 3,753,380 |
| | | | | Друштво за увоз-извоз и трговија на големо СЕПТИМА ДООЕЛ Скопје | 11,111,355.25 | 8 | 1,388,919 |

| 2018 | | | | 2019 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори | ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори |
| | | | | Друштво за производство и услуги НЕТ-ЕЛЕКТРОНИКС Владимир ДООЕЛ Скопје | 10,987,692.00 | 3 | 3,662,564 |
| | | | | Друштво за производство, трговија и угостителство САРАТОГА увоз-извоз ДООЕЛ Струмица | 10,630,032.00 | 2 | 5,315,016 |
| | | | | Трговско друштво за промет,услуги и консалтинг ЕВРО ТИМ ДООЕЛ увоз извоз Скопје | 10,573,065.70 | 27 | 391,595 |
| | | | | Друштво за внатрешна и надворешна трговија, застапување и услуги МЕДЕКС ФАРМ ДОО Скопје | 10,378,084.48 | 11 | 943,462 |
| | | | | Трговско друштво за производство,промет и услуги ВЕСТА ДРОГЕРИЈА Зоран и Бошко увоз-извоз ДОО Скопје | 10,330,111.94 | 31 | 333,229 |
| | | | | Друштво за производство, трговија и услуги СИНЕРЏИ МЕДИКАЛ ДОО експорт-импорт Скопје | 10,186,580 | 4 | 2,546,645 |
| **ВКУПНО:** | **2,755,558,541** | **158** | **17,440,244** | **ВКУПНО:** | **4,524,159,595** | **1,526** | **1,034,284,603** |

*ТАБЕЛА 6:* Листа на компании кои на добиле средства од склучени договори во вредност над 10 милиони денари во 2018 и 2019 година



Проектот е финансиран
од Европската Унија

Здружение за еманципација,
солидарност и еднаквост
на жените - ЕСЕ

Овој документ е подготвен со финансиска поддршка од Европската Унија.
Содржината на овој документ е во целосна одговорност на Здружението ЕСЕ и во ниту еден случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.